# Совети за енергетска ефикасност за луѓето што живеат во изнајмени живеалишта

the place to live

## 1. Исклучете ги греалката, апаратите за ладење и другите електрични апарати кога одите да си легнете или кога излегувате од дома.

Исклучете ги греалката, апаратите за ладење и другите електрични апарати кога одите да си легнете или кога излегувате од дома.

## 2. Почнете да користите светилки ЛЕД што штедат електрична енергија

Светилките што штедат електрична енергија можат да ви заштедат до 80 проценти од вашите трошоци за осветлување. Светилките ЛЕД користат помалку струја и траат подолго.

## 3. Затворајте ги вратите и навлекувајте ги завесите

Затворајте ги вратите што водат во простории што не ги користите и ладете ги или грејте ги само тие соби каде што минувате најголем дел од времето. Навлекувајте ги завесите или ролетните кога ќе зајде сонцето. Спречете го провевот околу вратите и прозорците.

## 4. Штедете струја кога перете и сушите алишта

Алиштата перете ги со студена вода. Изберете кратка програма на машината за перење. Чекајте да се соберат доволно алишта за да ја наполните машината пред да ја пуштите да пере. Машините за сушење алишта трошат многу струја. Пружете ги алиштата надвор и оставете ги да се исушат природно, или пружете ги на сушалка за алишта внатре.

## 5. Штедете струја во кујната

Фрижидер. Вашиот фрижидер работи 24 часа дневно и е еден од апаратите што трошат најмногу струја за да работат.

Погрижете се гумата околу вратата на фрижидерот добро да затвора и да нема процепи или пукнатини низ кои ќе бега студениот воздух. Ако имате уште еден фрижидер или замрзнувач, вклучувајте го само кога ви е тоа потребно.

## 6. Водете сметка за греењето и ладењето

Секој степен над 20 Целзиусови степени може да додаде 10 проценти на вашата сметка за греење. Во зима, греењето може да изнесува дури и повеќе од 30 проценти од вашата сметка.

Во зима поставете го вашиот термостат на температура меѓу 18 и 20 степени. Во лето, поставете го вашиот термостат на 26 или на повеќе степени.

## 7. Направете го најдобриот договор за снабдување со енергија

Еден од најлесните начини да ги намалите трошоците за енергија е да ги споредите разните понуди за снабдување со енергија.

Алатката за споредување на цените на енергијата, Victorian Energy Compare, е бесплатна и независна алатка што ви ја нуди владата на Викторија за да можете да ги споредите цените на енергијата. Таа алатка може да ви помогне да ги најдете најдобрите и најевтини понуди за снабдување со енергија. **https://compare.energy.vic.gov.au/**

За да ја користите алатката Victorian Energy Compare ќе треба да имате пристап до електронски уред што е поврзан на Интернет, до некоја понова сметка за енергија и до некои информации за вашето домаќинство.

# Помош околу плаќањето на сметките за енергија и вода

## Помош при плаќање сметки за електрична енергија

Ако сакате помош да ги платите сметките за електрична енергија и да користите помалку енергија во вашиот дом, може да се јавите на Uniting на 1800 313 126 или **energy@vt.uniting.com**. Нивниот тим за енергетска поддршка може да ви помогне да ги разберете вашите сметки, да разговарате со вашиот давател на енергија, да добиете помош за плаќање на сметките и да предложи едноставни чекори за заштеда на енергија во вашиот дом. Достапни се преведувачи.

## Бонус за штедење енергија

Ако добивате некаква исплата од државата, можеби ги исполнувате условите да добиете бонус за штедење енергија (Power Saving Bonus). Тој изнесува $250. Може да поднесете барање преку Интернет на **compare.energy.vic.gov.au** Ако ви треба помош за да поднесете барање, може да се јавите кај тимот во Good Shepherd на 1300 026 500. Рокот за поднесување барања завршува на 31 јануари 2022 година.

## Уред за следење на потрошувачката на енергија во домаќинството

Може да добиете бесплатен уред за следење на потрошувачката на енергија во домаќинството (home energy monitor) за да дознаете повеќе за тоа како ја трошите електричната енергија во вашиот дом и како може да заштедите пари: **www.powerpal.net**

Исто така може и да позајмите комплет алатки за проверка на енергетската ефикасност на домот (home energy efficiency tool kit) од библиотеките во Даребин за да измерите колку струја користат вашите домашни електрични апарати. Исто така може да видите и од каде влегува студен воздух во вашиот дом.

Појдете на **www.darebinlibraries.vic.gov.au** и пребарајте го каталогот за да го најдете комплетот алатки.

## Ознаки за штедливост на електричните апарати

Ако купувате нов електричен апарат, на пример, фрижидер, потрудете се да изберете таков што има најмногу ѕвездички за енергетска ефикасност. Колку повеќе ѕвездички има, толку помалку струја троши. Можеби ќе го платите малку поскапо кога ќе го купувате, ама со него ќе заштедите пари со текот на времето. Повеќе за ова може да дознаете на **https://www.energyrating.gov.au/**

Ако треба да купите нов неопходен електричен апарат за домаќинството, на пример, фрижидер или машина за перење, ама немате пари да го купите, можеби ги исполнувате условите да добиете бескаматен кредит од DIVRS. Појдете на www.divrs.org.au или телефонирајте на (03) 9480 8200 за повеќе информации.

## Како да дознаете повеќе и како да стапите во контакт со нас во Општина Даребин

Дознајте повеќе за тоа како да штедите енергија дома од нашето место на интернет: **www.darebin.vic.gov.au/savingenergyathome**

Пријавете се за да го добивате нашиот електронски весник Sustainable Darebin (Одржлива општина Даребин) каде што ќе најдете повеќе совети и информации:

**https://www.darebin.vic.gov.au/waste-and-environment/sustainable-darebin/sustainable-living/sustainable-darebin-newsletter**

Ако имате прашања, пратете ни електронска порака на **climateemergency@darebin.vic.gov.au**

For more great tips go to **www.darebin.vic.gov.au/savingenergyathome**

**CITY OF DAREBIN**

274 Gower Street, Preston
PO Box 91, Preston, Vic 3072
T 8470 8888 F 8470 8877
E mailbox@darebin.vic.gov.au
darebin.vic.gov.au

**National Relay Service**
relayservice.gov.au

If you are deaf, or have a hearing or speech impairment, contact us through the National Relay Service.

**Speak Your Language**
T 8470 8470

| | | |
|---|---|---|
| العربية | Italiano | Soomalii |
| 繁體中文 | Македонски | Español |
| Ελληνικά | नेपाली | اردو |
| हिंदी | ਪੰਜਾਬੀ | Tiếng Việt |